"Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот за интеграција кон ЕУ"

**Записник од 14-тиот состанок на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара"**

**Септември 24-ти, 2016**

**Теарце, Македонија**

*The project is financed by the European Union*

# I. ВОВЕД

**Време и место:**

24 септември, 2016, Ресторан “Цуцла”, Теарце, Македонија

**Учесници:**

Структурата на учесниците на 14-тиот состанок на Групата на заинтересирани страни (ГЗС) вклучуваше 14 членови на Групата, од кои 7 од локалните владини институции, 5 од НВО секторот и 2 од бизнис секторот; претставници на општини, членови од тимот на Главната канцеларија на SWG и на Единицата за управување со проекти во регионот “Шара“. Состанокот беше организиран и модериран од страна на ЕУП “Шара“. Беше состанокот да се одржи во сабота, бидејќи постоеше можност за регионалните членови на ГЗС да учествуваат и на настанот од рамки на програмата “Луѓе за луѓе” - “Ден на гравот 2016” кој се одржуваше на истиот ден во Теарце

Целосната листа на учесници на состанокот можат да се најдат на:

**ANNEX 1**: List of participants_14th Sharra SHG Meeting 24.09.2016

# II.ПРОГРАМА НА СОСТАНОКОТ:

**ПРОГРАМА**

09:30 – 10:00 **Пристигнување на учесниците**

10:00 – 10:10 **Поздравен говор**

*Г-дин Сретен Коцески, Претседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион “Шара“*
*Г-дин Фламур Сулејмани, Заменик претседател на Групата на засегнати страни на прекуграничниот регион “Шара”*
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион “Шара“*

10:10 – 10:20 **Вовед во програмата**

*The project is financed by the European Union*

*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара"*

10:20 – 11:30 **Преглед на оптштите и идните активости поврзани со имплементацијата на АБДА и идни активности поврзани со активностите од "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара"**
Елаборирање на завршените и идните активности во прекуграничниот регион "Шара"
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка на прекуграничниот регион "Шара"*

11:30 – 11:50 **Кафе пауза**

11:50 – 12:00 **Дискусија за Оперативниот протокол и процедури на работа во прекуграничниот регион "Шара"**
*Г-дин Емрула Спахиу, Регионален координатор за прекуграничниот регион "Шара"*

12:00 – 12:40 **Информативна сесија за резултатите од првиот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата и можности за втор повик**
*Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара"*
*Г-дин Дарко Бужаровски, Теренски соработник за прекуграничниот регион "Шара"*

12:40 – 13:00 **Заклучоци**

13:00 **Ручек и посета на "Ден на гравот 2016" во Теарце**

**Заминување на учесниците**

## III. ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ

Редовниот 14-ти состанок на Групата на заинтересирани страни имаше за цел да ги претстави тековните и идните активности во врска со АБДА во прекуграничниот регион "Шара", нови информации во врска со регионот, како и информации за предвидени активности во рамки на проектот "Поттикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во

процесот за интеграција кон ЕУ", со фокус на АБД Грант шемата и активностите "Луѓе за луѓе".

Теми на состанокот беа:

- Преглед на општите и идните активости поврзани со имплементацијата на АБДА и идни активности поврзани со активностите од "Луѓе за луѓе" во прекуграничниот регион "Шара";
- Оперативен протокол и процедури на работа;
- Информативна сесија за резултатите од првиот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата и можности за втор повик;
- Теренска посета на "Ден на гравот 2016" во Теарце, организиран од страна на Центарот за образование и развој, член на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара".

**<u>Записник од состанокот</u>**

Состанокот започна со поздравен говор на г-дин Сретен Коцески, Претседател на Групата на засегнати страни за прекуграничниот регион "Шара", кој им посака добредојде и им се заблагодари на учесниците за нивното присуство, нагласувајќи ја важноста на регионалната соработка за севкупен развој на регионот, и исто можностите кои ги нуди АБД Грант шемата, охрабрувајќи ги членовите да соработуваат со цел да добијат бенефит од оваа можност.

Г-дин Фламур Сулејмани, Заменик претсетдател на ГЗС, исто така изрази поддршка на активностите на SWG и на ГЗС "Шара" во регионот.

Во име на канцеларијата на Единицата за управување со проекти на SWG во регионот "Шара", координаторот г-дин Емрула Спахиу им посака добредојде на сите учесници и им се заблагодари на нивното учество. Тој уште еднаш ја истакна важноста на редовните состаноци на ГЗС, како и важноста на активната улога на заинтересираните страни во регионалните иницијативи и активности за развој на регионот.

Г-а Бојана Јовановска, Регионална менаџерка за прекуграничниот регион "Шара", детално ја презентираше програмата на состанокот, фокусирајќи се посебно на секоја сесија, како и на темите кои треба да се дискутираат.

## Сесија I

### Преглед на општите и идните активости поврзани со имплементацијата на АБДА и идни активности поврзани со активностите од “Луѓе за луѓе” во прекуграничниот регион “Шара“

Првиот дел од презентацијата беше резиме на реализираните и идните активности, во чии рамки беше нагласена важноста на состаноците на ГЗС, настаните и манифестациите во рамки на програмата “Луѓе за луѓе”, резултатите од првиот повик од АБД Грант шемата, најавување на вториот повик за апликации за АБД Грант шемата и реализираните настани/манифестации во рамки на програмата “Луѓе за луѓе” во прекуграничниот регион “Шара“.

Во текот на оваа сесија, Регионалната менаџерка и координатор ја нагласија важноста на интегрираниот економски развој како платформа за соработка помеѓу локалното население, бизнис секторот, фармерите и руралната заедница во прекуграничниот регион, преку организирање на заеднички активности, споделување на информации за ресурси и маркетинг на заедничката понуда.

Сесијата продолжи со презентирање на резултатите од успешно реализираните настани, со очекување за успешна реализација на останатите предодобрени настани/манифестации, кои ќе бидат поддржани во наредниот период.

Во рамки на презентацијата уште еднаш беше накратко претставен процесот кој треба да биде следен од страна на организаторите, нагласувајќи ги роковите кои треба да се почитуваат од страна на апликантите пред и по завршување на настанот.

## Сесија II

### Оперативен протокол и правила/процедури за работа

Втората сесија продолжи со краток преглед од страна на г-дин Емрула Спахиу во однос на Оперативниот протокол и процедури за работа на Групата на засегнати страни за “Шара”. Тој нагласи дека Оперативниот протокол за соодветно функционирање на ГЗС “Шара” беше испратен до членовите на Групата, но дека немало повратен одговор за промени на документот, со што се потврдува дека актуелната верзија на документот е прифатена. Исто така, за понатамошно функционирање или промени во Оперативниот протокол, промените ќе бидат дискутирани и одобрени од членовите во рамки на регуларните состаноци на ГЗС.

*The project is financed by the European Union*

## Сесија III

### Информативна сесија за резултатите од првиот повик од АБД Грант шемата во рамки на LEIWW програмата и можности за втор повик

Во третата сесија, г-дин Дарко Бужаровски презентираше неофицијални статистички податоци од процесот на аплицирање за првиот повик од АБД Грант шемата во четирите прекугранични региони. Тој спомена дека очекувањата во однос на проектните апликации од прекуграничниот регион “Шара” биле поголеми. Тој ја презентираше моменталната состојба, напоменувајќи дека во прекуграничниот регион “Шара” имало вкупно седум поднесени проекти, воедно напоменувајќи и општините од кои биле апликантите, бројот на партнери и сумата на побарани средства во рамки на првиот повик за апликации.

Во текот на презентацијата, Регионалната менаџерка ги охрабри членовите да бидат подготвени за втор повик за предлог проекти. Исто така, беше нагласено дека ЕУП, тимот на SWG и локалните експерти ќе бидат константно на терен, со цел да бидат блиску до потенцијалните апликанти, да се зголеми бројот на квалитетни проекти, да ги дискутираат и подобрат бизнис идеите, за да бидат повисоко рангирани во рамки на процесот на евалуација.

Во текот на оваа сесија, дискусијата иницирана од страна на членовите беше најмногу поврзана со прашања за критериумите на прифатливост за вториот повик, односно дали ќе бидат направени промени на критериумите, исто така во однос на прекуграничните партнерства, потешкотии со кои се соочуваат апликантите со партнери од другата страна на границата и како SWG може да помогне со овие теми, критериумите за партнерство во рамки на самата земја и рангирањето, како и прашања поврзани со минималниот и максималниот износ на грантовите, прифатливи инвестиции и подобни сектори.

Уште еднаш, г-динот Дарко Бужаровски ја потврди важноста на соработката и аплицирање со проекти кои можат да бидат рангирани повисоко, како што се проекти со партнерства или проекти кои вклучуваат елементи на алтернативна енергија или активности или опрема кои се во насока на заштита на животната средина. Членовите на ГЗС беа информирани дека сите неразјаснети прашања поврзани со АБД Грант шемата ќе имаат можност да ги дискутираат на наредните инфо денови или директно да бидат поставени на официјалниот е-маил за прекуграничниот регион “Шара“, штом биде отворен вториот повик.

*The project is financed by the European Union*

## Сесија IV

### Заклучоци и идни активности

Во рамки на последната сесија беа донесени следните заклучоци:

- ЕУП “Шара” и SWG ќе служат како информативни точки каде што членовите на Групата (ГЗС) ќе ги добијат потребните информации за нови програми и повици за доставување на предлог проекти. Исто така, ќе продолжат да ја поддржуваат подготовката на апликации за различни повици за предлози и да овозможуваат потенцијални партнерства за активните повици во рамки на IPA CBC програмите и други отворени повици;
- Крајните рокови за поднесување на целосните апликации и извештаи за настаните од програмата “Луѓе за луѓе” треба да се почитуваат, во согласност со договорите и роковите зацртани со договорите;
- Тимот на SWG заедно со локалните експерти ќе им помагаат на потенцијалните апликанти, со цел да се аплицира со целосни и поквалитетни проекти во рамки на вториот повик од АБД Грант шемата;
- ЕУП “Шара”, во соработка со членовите на ГЗС, ќе таргетира, собира и развива дополнителни активности и идеи кои би можеле да бидат поддржани од некоја грант шема или во рамки на програмата “Луѓе за луѓе” или друг отворен повик во прекуграничниот регион “Шара”;
- Беше предложено следниот состанок на ГЗС за прекуграничниот регион “Шара” да биде организиран во општина Призрен или Драгаш.

**Подготвено од:**

Емрула Спахиу
Регионален координатор за прекуграничниот регион “Шара”

Бојана Јовановска
Регионална менаџерка за прекуграничниот регион “Шара”

*The project is financed by the European Union*